С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 16.02.2024 година

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и деветтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 16.02.2024 година**

Седницата започна во 09:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **24 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2019-2024).

Пред преминување на расправа и одлучување по точкиата од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2019-2024).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба, кој ги образложи причините за потребата од свикување на седницата и неопходноста за расправа и одлучување по предложената точка пред истекот на законскиот рок (18 февруари 2024 година) во смисла на член 93 од Законот за урбанистичко планирање.

*Коментар од стручната служба:*

Член 93 од Законот за урбанистичко планирање гласи:

"(1) Започнатите постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примена на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Доколку постапките од став (1) на овој член не завршат во рокот од став (1) на овој член, истите ќе продолжат согласно одредбите на овој закон."

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 11, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2019-2024), со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **09:15** часот.

**Број 09-1309/2**
**од 29 февруари 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот